# ОБЈАВА

На првиот зимски ден, во чест и слава на големиот заштитник и добротвор **Свети Никола**, Шаховскиот клуб на ветерани Скопје 72,  го организира и ги поканува сите шаховски ветерани на

## ВЕТЕРАНСКИОТ РАПИД ТУРНИР СНЕЖНИК - 2024

Турнирот ќе се игра на 22 декември 2024 година, а право на учество имаат сите шаховски ветерани од Скопје С60 (родени 1964 и порано) и посебно поканети гости.

Поради организационо технички причини, бројот на учесници се лимитира на 26 шахисти од пријавените, при што организаторот задржува право при поголем број пријавени да направи селекција според силината (рејтингот) на играчите.

- Директор на турнирот:  Александар Сидоровски.
- Турнирот ќе се игра по правилата на ФИДЕ, Швајцарски систем во 7 кола. Играчите ќе имаат по 15 минути за партија со додавање 10 секунди по потез почнувајќи од првиот.
- Турнирот ќе се рејтингува во ФИДЕ
- Судија на турнирот:    Љубомир Хаџи-Манев, национален судија
- Турнирот ќе се игра на 22 декември 2024 година, со почеток во 10 ч. во просториите на ресторанот ЕСНАФ, кај Три Бисери во општина Аеродром.
- Прогласување на победници и доделување на наградите се предвидува за 15.30 ч.

Прилог на учесниците кон наградниот фонд и организацијата е минимално 300 денари, според можностите на самите шахисти.

Награден фонд се предвидува да биде:

I. 4.000 ден.,  II. 3.000 ден.  III.  2.000  ден.  IV. 1.500 ден.  V. 1.000 ден.

При делба на место, редоследот се одредува според: 1 Бухолц-1, 2. Бухолц, 3. Прогрес, 4. Меѓусебна средба / средби, и наградите се делат според овој редослед.

Победникот ќе добие ПЕХАР или ПЛАКЕТА, а тројцата првопласирани ПРИЗНАНИЈА.

**Ги покануваме шаховските ветерани од град Скопје да се пријават за турнирот**. Контакт телефон е:  074 / 205 236 – Илија Стошевски или на е-меил: veterani.skopje72@gmail.com

Скопје, 30.11.2024

ШКВ Скопје72

Претседател, инг. Илија Стошевски, ср